# Број 11
# 15.07.2026 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува
Одделение за правни и општи работи

# Јули, 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 15.07.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 13. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **13.** седница одржана на **15.07.2026** година:

1.**Статут** на Општина Делчево-Пречистен текст;

2.**Одлука** за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип;

3. **Програма** за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година;

4**. Одлука** за делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице;

5.**Правилник** за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста на Општина Делчево од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“;

6. **Одлука** за давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за формирање на паралелки со помал број на ученици;

7.**Одлука** за недавање согласнот на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на услуги кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчево бр.0202-461/3 19.06.2026;

8.**Одлука** за одобрување финансиски средства по барање УП бр.08-2257/1 од 25.06.2026;

9. **Одлука** за одобрување спонзорство по барање бр.08-1893/1 од 20.05.2026;

10.**Одлука** за прифаќање на донација од Друштво за производство, промет и услуги ИНОМАК ДООЕЛ експорт-импорт Делчево;

11.**Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари „Пречистителна станица“ на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево;

12.**Одлука** за согласност за користење на средства од тековната резерва од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-2460 /1** — **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.07..2026** — **Градоначалник,**
**Делчево** — **Иван Гоцевски,с.р.**

1.Советот на Општина Делчево, на седницата одржана на ден 15.07.2026 година, го утврди Пречистениот текст на Статутот на Делчево.

Пречистениот текст на Статутот на општина Делчево ги опфаќа Статутот на општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013), Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 2/2019), Статут за изменување на Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 1/2021) и Статутот за изменување на Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 9/2026), во кои е означено времето на нивното влегување во сила .

# С Т А Т У Т
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
(пречистен текст)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Општина Делчево (во понатамошниот текст Општината) е единица на локалната самоуправа во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество во одлучувањето.

Член 2

Граѓаните на Република Северна Македонија кои имаат постојано место на живеење на подрачјето на општината, се жители на општина Делчево.

Подрачјето на Општината е утврдено со закон и ги опфаќа подрачјата на населените места, градот Делчево и селата: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Драмче, Ѕвегор, Илиово, Киселица, Косово Дабје, Нов Истевник, Стар Истевник, Очипала, Полето, Разловци, Селник, Стамер, Тработивиште, Турија и Чифлик.

Член 3

Општината е правно лице.

Член 4

Седиштето на Општината е во Делчево, на ул.„ Љубомир Белогаски“ бр.1

Член 5

Општината има право на сопственост на ствари, парични средства и права.

Со сопственоста Општината располага и стопанисува како добар домаќин, на начин утврден со закон и со овој статут.

Член 6

Општината има грб, кој е претставен во вид на штит, во кој се содржани пет елементи. Во централниот дел позадината на штитот е обоена со темнозелена, а во горниот и долниот дел со сина боја. На штитот е претставен Споменикот на Гоце Делчев, напред и Спомен-домот „АСНОМ“, кои се обоени со

жолтокафеава боја. На горниот дел на штитот, на посебна синообоена лента, со бели букви е испишан зборот- Делчево.

Член 7

Општината има знаме.

Знамето на Општина Делчево е со темносина и бела боја, рапоредени на по 1/2 должина на знамето. На левата страна од знамето, во полето со бела боја, во горниот дел, се наоѓа грбот на општината.

Односот помеѓу должината и ширината на знамето е два спрема еден (2:1).

Член 8

Општината има печат со тркалезна форма со дијаметар од 3 (три) сантиметри во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чии рабови е испишано „Република Северна Македонија- Општина Делчево“.

Печатот што го употребува Советот на Општината, во вториот ред има натпис: „Совет на Општина Делчево“.

Печатот што го употребува Градоначалникот на Општината, во вториот ред има натпис „Градоначалник“.

Член 9

Празник на Општината е 7 Септември.

Патронен празник на Општината е 24 Мај- Свети Кирил и Методиј.

Член 10

Општината востановува општински признанија и награди. Признанијата и наградите се утврдуваат со одлука на Советот на општината.

Член 11

Општината може, со Одлука на Советот на Општината, да се здружува во здруженија во согласност со закон.

Член 12

Општината соработува со општините од Републиката, со градот Скопје, со единици на локалната самоуправа од други земји, како и со меѓународни организации на локални заедници.

Општината членува во меѓународни организации на локални заедници.

Општината, заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од својата надлежност, може со други општини од Републиката да здружува средства и да формира заеднички јавни служби и заеднички административни тела за извршување на одделни надлежности, во согласност со закон.

За соработката и остварувањето на заедничките интереси одлучува Советот.

Член 13

Органите на Општината, како и телата на Советот и јавните служби основани од Општината се должни да ги информираат граѓаните за својата работа и плановите за развој, како и да овозможат пристап до информациите на начин уреден со овој Статут.

## II. НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 14

Општината самостојно, во рамките на законот и овој Статут ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите

кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Член 15

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1.Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон,уредување на просторот и уредување на градежно земјиште;

2.Заштита на животната средина и природата во смисла на преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот,земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;

3.Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојни и структурни приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставување и развој на локална мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4.Комуналните дејности, во смисла на снабдување со вода за пиење; испорака на технолошка вода; одведување и прочистување на отпадни води; јавното осветлување; одведување и третман на атмосферски води; одржување на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници; одржување на гробовите, гробиштата и давање погребални услуги; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; Регулирање на режимот на сообраќајот; изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на јавен простор за паркирање; отстранување на непрописно паркирани возила; отстранување на хаварисани возила од јавните површини; изградба и одржување на пазари; чистење на оџаците; одржување и користење на паркови, зеленило, парк шуми и рекреативни површини; регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизирани делови; определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

5.Културата во смисла на институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирање на културни манифестации; поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;

6.Спортот и рекреацијата во смисла на развој на масовен спорт и рекреативни активности; организирање на спортски приредби и манифестации; одржување и изградба на објекти за спорт; како и поддршка на спортски сојузи;

7.Социјалната заштита и заштита на децата во смисла на финансирање, инвестиции, одржување и сопственост на детските градинки и домови за стари лица (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување), остварување на социјална грижа за инвалидни лица; деца без родители и родителска грижа; деца со воспитно социјални проблеми; деца со посебни потреби; деца со едно родителски семејства; деца на улица; лица изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението;домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст;

8.Образование во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

9.Здравствена заштита во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразни болести; помош на пациентите со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;

10.Спроведување на подготовки и преземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и

материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
11.Противпожарна заштита ја вршат териториjалните противпожарни единици;
12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност;
13. Други работи определени со закон.

Член 16

Работите од членот 15 на овој Статут, се утврдуваат со прописи на Советот на Општината, во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон.

Работите од членот 15 на овој Статут, кои задолжително ќе ги извршува Општината се определени со посебните закони и национални програми.

Член 17

Работите кои не се исклучени од надлежност на Општината или не се во надлежност на органите на државната власт се определуваат со одлука на Советот на Општината.

Со Одлуката од став 1 на овој член се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### 1. Совет на Општина

Член 18

Советот е претставнички орган на граѓаните.
Советот го сочинуваат 15 (петнаесет) претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.
Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години. Членот на Советот не може да биде отповикан.

Член 19

Советот избира претседател од редот на членовите на Советот со мандат од четири години.

Претседателот на Советот ги свикува и раководи со седниците на Советот, се грижи за организација и работа на Советот, ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивнотодонесување ги доставува до Градоначалникот заради објавување.

Член 20

Членовите на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:
„ Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија“.

Член 21

Членот на Советот има право и должност:
- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во Општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните

служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

Член 22

Советот на Општината ги врши следните работи:
1. Донесува Статут на Општината;
2. Донесува Деловник на Советот;
3. Донесува Програма за работа на Советот на Општината;
4. Донесува Буџет на општината и Годишна сметка на општината;
5. Ј а утврдува висината на стапките на даноците, комуналните такси и надоместоците;
6. Донесува Генерален урбанистички план;
7.Донесува детални урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и локална урбанистичка планска документација;
8. Донесува прописи од областа на заштита на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебни закони или во согласност со национална програма;
9. Донесува Програма за уредување на градежното земјиште;
10. Донесува Програма за одржување на сообраќајна сигнализација;
11. Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;
12. Донесува Програма за јавно осветлување;
13. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи;
14. Донесува Програма за јавна чистота;
15. Донесува Програма за одржување и користење на паркови и други јавни површини од локално значење;
16. Донесува Програма за одржување на гробишта;
17. Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизираните подрачја;
18. Донесува Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја;
19. Донесува Одлука за комунален ред;
20. Донесува Одлука за начинот на превозот во градскиот и приградскиот сообраќај;
21.Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта;
22. Донесува Одлука за одржување и користење на гробишта;
23.Донесува Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележја;
24.Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот;
25.Донесува Одлука за висината на комуналните такси;
26.Го уредува начинот на чистење на оџаците;
27.Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење:
28.Определува имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти;
29. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот за извршување на задачите на општинската администрација,на предлог на Градоначалникот;
30. Основа јавни служби, врши надзор над нивната работа и дава согласност на статутите на истите;
31. Именува и разрешува членови во управните и надзорните одбори на јавните служби што ги основа;
32. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби што ги основала

општината;
33. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење во согласност со закон;
34. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби што ги основала општината;
35. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината и на јавните служби што ги основала општината;
36. Одлучува за начинот на вршење финансиска контрола на Буџетот на општината, во согласност со закон;
37. Го избира лицето кое раководи со Полициска станица Делчево- Министерството за внатрешни работи, во согласност со закон;
38.Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината, што го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
39. Може да дава препораки на раководното лице на Полициската станица на Министерството за внатрешни работи од обласна на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;
40. Советот го избира и разрешува претседателот на Советот;
41.Формира постојани и повремени комисии;
42.Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на општината;
43.Востановува општински признанија и награди;
44. Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на општината;
45. Врши и други избори и именувања од своја надлежност;
46. Врши и други работи.

Член 23

Советот работи на седници. Седниците на советот се јавни.

За исклучување присуство на јавноста на седница се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Статутот, со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот.

При расправа за Буџетот на општината, годишната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 24

Советот на Општината може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Советот на Општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Статутот, Буџетот, Годишната сметка на Буџетот, Деловникот, програмите, плановите, одлуките и другите прописи се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината.

Гласањето на седниците на Советот е јавно или тајно во согласност со Деловникот за работа на Советот на Општината.

Член 25

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Седниците ги свикува претседателот на Советот на своја иницијатива, на барање на Градоначалникот или на барање на ¼ од членовите на Советот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Доколку во рокот определен во ставот 2 на овој член, претседателот на Советот не ја свика седницата на Советот, членовите на Советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Денот часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се објавуваат најдоцна седум дена пред денот на одржување на седницата.

Член 26

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности (пожар, поплави, земјотреси и сл.) и при посета на делегации од друга земја кога таа сака да се обрати на членовите на Советот.

Член 27

Вонредната седница ја свикува претседателот на Советот по сопствена инцијатива или по барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на Градоначалникот.

Поканата за седница со предложениот дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Пред отпочнување со работа, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на седницата без материјална расправа и без измена на дневниот ред.

Член 28

За претресување на прашања од своја надлежност Советот, формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени. Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Составот и времетраењето на мандатот на повремените комисии ќе се определи со актот за нивно формирање.

Член 29

Комисиите на Советот на општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;
- даваат мислења и предлози до Советот;
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и инцијативите на граѓаните од областите за кои се формирани;
- предлагаат одлуки до Советот.

Комисиите на Советот на општината, за разгледување, расправање на прашања, мислења и предлози, можат да формираат свои работни тела во чиј состав ќе учествуваат надворешни стручни лица од соодветната област.

Член 30

Советот ги формира следните постојани комисии:

- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за прашањата на верификација, избори и именувања;
- Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР;
- Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина,
- Комисија за комунални работи и сообраќај;
- Комисија за јавни дејности;
- Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените;
- Комисија за спорт.

Комисиите се составени од 5 члена на Советот.

Советот може да формира и други постојани и повремени комисии, чиј состав се определува со актот за нивното формирање.

Член 31

<u>Комисијата за статут и прописи</u>:

-го утврдува предлогот на Статутот на Општината;

-ги разгледува иницијативите и предлозите за измени и дополнувања на Статутот;
-ја следи примената на Статутот и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер;
-го утврдува предлог деловникот на Советот;
-подготвува мислење по предлог законите што се однесуваат на Општината;
- разгледува и други општи акти од надлежност на Општината.

Член 32

**Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата** -

-Разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања.
-Разгледува и подготвува предлози за избор, именување и разрешување кои се од надлежност на Советот на Општината.
Претседателот и членовите на Комисијата ги избира Советот на Општината на својата прва седница.

Член 33

**Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој:**

- Разгледува прашања поврзани со финансирањето на Општината, Буџетот и годишната сметка на Буџетот на општината, како и други прашања поврзани со финансирањето;
-го следи економскиот развој на Општината;
- ја разгледува Програмата за економски развој на Општината;
- ги разгледува и учествува во проектите аплицирани преку Општината и невладини организации за побрз економски развој;
- учествува во преговори со комората на стопанственици во Општината во креирање на макроекомската политика за поттикнување и поддршка на развојот на малите и средни претпријатија како и семејните бизниси.

Член 34

**Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина, ;**

-ги разгледува прашањата од урбанистичкото планирање, ги разгледува Генералниот и деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за село и вон населено место, како и потребата од изработување на локална урбанистичка планска докуметација;
- ги разгледува прашањата од работата на јавните служби основани од општината за вршење на дејности од јавен интерес од локално значење;
- разгледува прашања од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина.

Член 35

**Комисијата за комунални работи и сообраќај:**

- ги разгледува прашањата, предлозите, програмите и извештаите од областа на комуналните дејности и сообраќајот,
- ги разгледува предлозите за именување улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и му поднесува предлог на Советот, и
- ги разгледува прашањата и предлозите од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.

Член 36

**Комисијата за јавни дејности** во рамките на правата и должностите на Општината:
- ги разгледува прашањата од областа на културата и по нив дава иницијативи, мислења и предлози до Советот, во врска со остварувањето на програмски дефинираните активности; развојот на установите;

можностите за основање, финансирање на изградбата, опремување и одржување на установите во согласност со закон; прашањата што се однесуваат на основањето, финансирањето на изградбата, опремувањето и одржувањето на установите од областа на социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, основното и средното образование и по нив дава мислења и предлози до Советот.

Член 37

**Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите:**

- ги разгледува прашањата кои се однесуваат на рамноправноста меѓу половите во сите области од општествениот живот и дава мислења, предлози и сугестии за разрешување на проблемите и решавања на прашањата кои се однесуваат на оваа проблематика;
- Предлага Локален акционен план за родова рамноправност:

Комисијата работи врз основа на Националната програма за родова рамноправност и препораките на Одделението за унапредување на половата рамноправност при Министерството за труд и социјална политика.

Член 38

**Комисијата за спорт:**

-ги разгледува прашањата од областа на спортот и рекреацијата;

- ги разгледува предлозите за поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општината;

-ги разгледува барањата доставени од спортските клубови на подрачјето на општина Делчево и по нив дава предлози ;

-изготвува и донесува Програма на предлог на општинскиот спортски сојуз;

-утврдува критериуми за распределба на буџетски средства и дава предлози за распределба на истите на спортските клубови;

Програмата од ставот 1 точка 3 на овој член, се финансира од буџетот на општината и од донации и спонзорства.

За исполнување на Програмата и роковите утврдени во неа, општинскиот спортски сојуз поднесува Извештај до Советот на општината.

Член 39

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на Општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, по претходно доставени предлози од политичките партии кои партиципираат во Советот.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што членови се избираат во работните тела.

Политичките партии и листите на независни кандидати за членови на Советот кои партиципираат во Советот на Општината ќе бидат пропроционално застапени во вкупниот број на членови на сите комисии, имајќи ја предвид родовата и етничката рамноправност.

Член 40

Начинот на работа на комисиите поблиску се уредува со Деловникот на Советот на Општина Делчево.

**2. Градоначалник на Општината**

Член 41

Градоначалникот ја претставува и застапува општината.

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од 4 (четири) години.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

Член 42

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

- ја претставува и застапува општината;
- ја контролира законитоста на прописите на Советот;
- со Решение ги објавува прописите на Советот во службеното гласило на Општината;
- го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот;
- го обезбедува извршувањето на работите кои што со закон и се делегирани на Општината;
- иницира и предлага донесување прописи од надлежност на Советот;
- го предлага буџетот и годишната сметка на буџетот на Општината;
- го извршува буџетот на општината;
- избира и разрешува директори на јавните служби што ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;
- редовно го известува Советот за извршување на своите надлежности во согласност со статутот;
- решава во управни работи за права обврски и интерес на правни и физички лица во согласност со закон;
- донесува Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- раководи со општинската администрација;
- одлучува за вработување, правата,должностите и одговорностите на вработените во општинската адиминистрација, доколку поинаку не е определено со закон;
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста во согласност со закон и овај Статут и
- врши и други работи утврдени со закон и со овај Статут.

Градоначалникот може да овласти раководен службеник на Општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

Член 43

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот на Општината.

Градоначалникот е должен да присуствува на седниците на Советот на Општината кога е предлагач на прописи од надлежност на Советот на Општината или да обезбеди присуство на овластен претставник.

Член 44

Градоначалникот е должен да поднесе извештај за извршување на одлуките донесени од страна на Советот на секои 3 (три) месеци во текот на годината.

За извршување на своите надлежности Градоначалникот го информира Советот по потреба, а најмалку 2 (два) пати во годината.

Член 45

Градоначалникот управува со сопственоста на општината како добар домаќин.

Во управувањето со сопственоста на Општината Градоначалникот е должен да презема мерки и да го обезбедува користењето на сопственоста во согласност со закон.

Член 46

Новоизбраниот градоначалник ја презема должноста од претходниот градоначалник во рок од 7 дена од денот на изборот.

За време на вршење на функцијата, Градоначалникот не може да врши друга професионална дејност.
Градоначалникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење пред Советот.
Градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство.
Градоначалникот е должен со решение да го определи членот на Советот кој ќе го заменува.
Решението од став 5 на овој член се објавува во „Службен гласник на Општина Делчево“.
За денот на настанување на спреченоста или отсуството, Градоначалникот го информира претседателот на Советот.
На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува Градоначалникот.
Претседателот на Советот не може да го заменува Градоначалникот.
Платата и надоместоците на Градоначалникот, како и надоместокот за членот на Советот што го заменува Градоначалникот, се утврдуваат со закон.

Член 47

Градоначалникот не може да биде именуван за член во надзорни, управни и контролни органи на трговски друштва и јавни служби.
Градоначалникот не може да учествува во процесот на одлучување за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, деца или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.
Градоначалникот е должен да го информира Советот за интересот од ставот 2 на овој член.
Во случаите од ставот 2 на овој член одлучува еден од членовите на Советот избран на начин на кој се избира претседателот на Советот.

Член 48

На градоначалникот му престанува мандатот по сила на Законот:
-ако поднесе оставка;
-во случај на смрт;
-ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење над 6 месеци;
-ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност;
-ако настапи случај на неспоивост во вршењето на функцијата согласно со Изборниот законик;
-во случај на неоправдано отсуство подолго од шест месеци и ако престане да биде жител на Општината.
За оправданоста на отсуството од ставот 1, алинеа 6 на овој член одлучува Советот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Советот.
Членот на Советот кој го заменува Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на настанувањето на еден од случаите од ставот 1 на овој член е должен за тоа да го извести министерството надлежно за работите што се однесуваат на локалната самоуправа.
Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од ставот 3 на овој член ја известува Владата на Република Северна Македонија, која во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето, констатира дека настанал еден од случаите од ставот 1 на овој член и истовремено иницира постапка за распишување нови избори за Градоначалник, во согласност со закон.
Советот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на Одлуката на Владата од ставот 4 на овој член, ќе избере еден од членовите на Советот кој ќе ја врши должноста на Градоначалникот за периодот до изборот на нов Градоначалник, на начин на кој се избира претседателот на Советот.
На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот завремето на вршењето на должноста Градоначалник во согласност со ставот 5 на овој член.
Изборите од ставот 4 на овој член нема да се спроведат доколку до новиот изборен период има помалку од 6 месеци.

### 3. Општинска администрација

Член 49

За извршување на работите од надлежност на органите на Општината се организира општинска администрација.

Општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

Општината може да организира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност.

Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува Советот, врз основа на предлог на градоначалникот.

Член 50

Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработувањето, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од ставот 1 на овој член, ќе се применуваат важечките законски одредби.

За вработените во општинската администрација кои вршат административно-технички и помошни работи се применуваат одредбите од работното законодавство.

Член 51

При вработувањето во општинската администрација и во јавни служби кои ги основала Општината ќе се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници застапени во Општината на сите нивоа, како и почитување на критериумите на стручност и компетентност.

Член 52

Општинската администрација:

1.Ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот;

2.Ги подготвува седниците на Советот како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;

3. Врши стручни работи за Советот и за Градоначалникот;

4.Го води сметководството на Општината;

5.Ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;

6.Доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;

7.Ракува со документите на Општината и ги чува се до нивно уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Северна Македонија и

8.Врши и други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот.

## IV. ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА

### 1.Локален Совет за Превенција

Член 53

Локалниот Совет за Превенција е советодавно и координативно тело, кое се формира заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево, како и градење на доверба и партнерски односи во

превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Локалниот Совет за Превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации.
Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на Општина Делчево.

## 2.Комисија за односи меѓу заедниците

Член 54

Во општината ќе се формира Комисија за односи меѓу заедниците, кога најмалку 20% од вкупниот број на жители на општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница. Комисијата за односи меѓу заедниците ја сочинуваат подеднаков број на претставници од секоја заедница застепени во Општина Делчево.

Одлуката за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците ја донесува Советот на Општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања избори и именувања предлогот од став 1 на овој член го составува по претходно добиени предлози на политичките партии застапени во Советот.

Член 55

Комисијата ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во општината и дава мислење и предлози за начините на нивно решавање.

Советот на Општината е должен да ги разгледа мислењата и предлозите на Комисијата и да одлучи во врска со нив.

## 3. Совет за заштита на Потрошувачите

Член 56

Советот на Општината за разгледување на прашања и утврдување предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него, формира Совет за заштита на потрошувачите.

Член 57

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 9 (девет) члена.Членовите на советот за заштита на потрошувачите на општина Делчево се избираат од редовите на советниците, здруженијата на потрошувачи и од други здруженија на граѓани, јавните претпријатија, стопанските комори и од државните органи на инспекцискиот надзор кои имаат надлежности поврзани со заштита на потрошувачите.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања. Мандатот на членовите трае 2 (две) години со можност повторно да бидат избрани.

Член 58

Советот за заштита на потрошувачите ја следи состојбата на квалитетот на услугите што ги даваат јавните служби, дава мислења и предлози за подобрување на квалитетот на услугите; организира јавни трибини;соработува со јавните служби и општинската администрација.

## 4. Партиципативно тело

Член 59

(1) Во Општината се формира Партиципативно тело, заради обезбедување на поголема вклученост, учество и придонесување на граѓаните, како и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, во чијашто работа учествуваат претставници на граѓанскиот и невладиниот сектор од локалната заедница.
(2) Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.
(3) Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.
(4) Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.“

Член 60

(1) Одлука за формирање на Партиципативно тело донесува Советот, на иницијатива на Градоначалникот или на партиципиентите од ставот (2) на овој член.
(2) Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината, што ги одредува градоначалникот и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.
(3) Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од единицата на локалната самоуправа и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место (на Огласна табла на Општина Делчево) во траење од 30 дена.
(4) Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа учеството е на доброволна основа.
(5) Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа, при што бројпот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.“

Член 61

(1) Претседател на Партиципативното тело се избира од членовите на Комисијата за урбанизам на Општина Делчево, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на партиципативното тело, со јавно гласање.
(2) Партиципативното тело работи на седници. Седниците се јавни.
(3) Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Партиципативното тело.

(4) Партиципативното тело може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.
(5) Партиципативното тело одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.
(6) На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот, без право на одлучување.
(7) Мандатот на партиципативното тело е 4 години.“

**5. Локален младински совет**

Член 62

Формирање на локален младински совет

(1) Општината со статут предвидува формирање на локален младински совет.
(2) Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во општината од делокругот на младински прашања и политики.
(3) Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:
- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставуваат информации до општината за прашања кои се однесуваат на младите и
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

(4) Бројот на членови на локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината, но не може да биде помалку од пет лица.
(5) Членовите на локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор. “

Член 63

Локално собрание на млади

(1) За конституирање на локалното собрание за млади се свикува иницијативен одбор, составен од формите наведени во ставот (4) на овој член.
(2) Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание за млади во согласност со Статутот на општината по принципот на транспарентност и јавност.
(3) Иницијативниот одбор од ставот (2) на овој член се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади.
(4) Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.
(5) Формите на организирање и здружување од ставот (4) на овој член не мора да бидат регистрирани во општината, но мора да имаат активности на територијата на општина Делчево.
(6) Формите на организирање кои членуваат во годишното собрание за млади номинираат делегат и заменик - делегат.
(7) Делегатот и заменик - делегатот од ставот (6) на овој член се жители на општина Делчево на возраст од 15 до 29 години.“

Член 64
Избор на членови на локален младински совет

(1)Собранието на млади објавува јавен повик за членови за локалниот младински совет.
(2)Јавниот повик се објавува на веб - страницата на Општина Делчево.
(3)Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.
(4)За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.
(5)Членовите на локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општина Делчево по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на Општина Делчево.
(6)Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик – претседател.

Член 65
Се бриша

Член 66
Се бриша

Член 67
Се бриша

Член 68
Се бриша

Член 69
Се бриша

Член 70
Се бриша

Член 71
Се бриша

## 6.Комисија за унапредување на правата на пациентите

Член 72
Во Општината се основа Комисија за унапредување на правата на пациентите, заради помагање во остварувањето на правата на пациентите.

Член 73
Комисијата за унапредување на правата на пациентите се грижи за:
- унапредување на правата на пациентите и нивна заштита;
- ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;
- предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
- соработува со надлежните органи;
- разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежните органи;

- бара стручна експертиза ако оцени дека тоа е неопходно за утврдување на состојбата;
- води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;
- подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред Советот на општината;
- издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и
- врши и други работи пропишани со закон и овој Статут.

Член 74

Комисијата за унапредување на правата на пациентите се состои од девет члена и тоа:
- двајца претставници на пациентите, членови на здруженија на пациенти;
- двајца претставници на невладини организации што се занимаваат со човекови права;
- двајца лекари од општината;
- тројца членови делегирани од Советот на општината.

Членовите на Комисијата ги избира Советот на општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања избори и именувања.

Членови на комисијата не смеат да бидат вработени во здравствена установа во кои се дава здравствената заштита.

Мандатот на членовите на Комисијата трае две години со право на уште еден последователен избор.

## V. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### а) Општи акти

Член 75

Статутот е основен акт на Општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на Општината и други прашања од значење за Општината.

Статутот на Општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт- Статут и Предлог-Статут.

Статутот на Општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината.

Член 76

Советот на Општината донесува Деловник.

Советот донесува одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти и дава мислење и утврдува насоки за работите од локално значење кои се во надлежност на општината.

Член 77

Со Деловникот на Советот се уредува начинот за работа на Советот и неговите комисии, постапките за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на Општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината.

Член 78

Советот донесува заклучоци кога разгледува поодделни извештаи, информации и анализи. .

Советот дава мислење и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува Советот на Општината.

Член 79

Постапката за донесување на општи акти се уредува со Деловникот на Советот на Општината.
Општите и други акти се објавуваат во „Службен гласник на Општината".
Општите акти влегуваат во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Советот на Општината, со денот на донесувањето.

## б) Поединечни акти

Член 80

Советот и Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.
Советот донесува решенија за избор и именување. Градоначалникот на општината донесува решенија.

## в) Објавување на актите

Член 81

Градоначалникот на Општината ги објавува прописите на Советот во „Службен гласник на Општина Делчево.
Градоначалникот е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на актите да ги објави во „Службениот гласник на Општината Делчево".

Член 82

Ако Градоначалникот смета дека прописот на Советот не е во согласност со Уставот и законите должен е во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето, со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.
Примерок од решението за запирање на објавување на прописот се доставува до Претседателот на Советот.
Советот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овај член, да го разгледа решението и да одлучи по него.
Ако Советот го потврди прописот, или не расправа по прописот, во рокот од став 3 на овој член, Градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Северна Македонија.
За иницијативата од ставот 4 на овој член, Градоначалникот е должен да го информира Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Член 83

За објавените акти се води посебна збирка.
Збирката може да ја користат граѓаните и ќе им биде на увид во секое време.

## VI. ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТИНАТА

а) Граѓанска иницијатива

Член 84

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одреден акт или да реши одредени прашања од своја надлежност.

Советот е должен во рок од 90 дена да расправа по иницијативата на граѓаните доколку истата е поддржана од најмалку 10% од избирачите од општината.

Поддршката од став 2 на овој член се обезбедува со потписи на граѓаните.

Граѓанската иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

б) Собир на граѓани

Член 85

Собир на граѓани свикува Градоначалникот по своја иницијатива, на барање на Советот или на барање на најмалку 10% од избирачите на општината, односно месната самоуправа на која се однесува определено прашање.

Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месна самоуправа.

Градоначалникот е должен во рок од 30 дена да свика собир на граѓани на барање од најмалку 10% од избирачите во општината или месната самоуправа за која се однесува определено прашање.

Барањето за свикување собир на граѓани со потписи на заинтересираните граѓани се поднесува до Градоначалникот.

Актот за свикување на собирот на граѓани се објавува во локалните средства за информирање и се истакнува на јавни места на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето, односно истакнувањето на актот за свикување на собирот на граѓани, до денот на неговото одржување мора да изминат најмалку 5 дена.

Член 86

На собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓани го води Градоначалникот или лице овластено од него.

За прашањата за кои се расправа на собирот на граѓани известува Градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници на општинската администрација.

Член 87

Заклучоците донесени на собирот на граѓани, органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

в) Референдум

Член 88

Референдум може да распише Советот на општината по своја иницијатива за прашања од негова надлежност.

Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите на општината.

Барањето за распишување на референдум се доставува до Советот на општината со потписи на заинтересираните избирачи дадени пред надлежниот орган кој води евиденција за избирачкото

право на граѓаните на општината.

Член 89

По барањето за распишување на референдум Советот на општината во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето донесува одлука за распишување на референдум.

Одлуката за распишување на референдум содржи предмет на референдумот и денот на неговото одржување.

Член 90

Одлуката за распишување на референдум се објавува во службено гласило и другите средства за објавување во општината.

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена, ниту повеќе од 60 дена.

Член 91

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на референдумот.

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

Член 92

Комисијата за спроведување на референдумот:

- Го определува времето на гласање,
- Врши технички подготовки за спроведување на референдумот,
- Ги определува гласачките места,
- Ги утврдува резултатите од гласањето и
- Се грижи за законито спроведување на референдумот.

Член 93

За спроведување на гласањето на референдумот, Комисијата за гласачките места формира одбори за спроведување на референдумот.

Одборите ја спроведуваат правилноста и тајноста на референдумот.

Член 94

Времето на гласањето мора да се определи така што да им се овозможи учество на референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

Член 95

Прашањето, односно актот што е предмет на референдумот мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил на гласање, по негово барање да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

Член 96

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

Член 97

На референдумот се гласа со гласачко ливче.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со ,,ЗА,, или ,, ПРОТИВ,, предлогот.

Член 98

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот ,,ЗА,, или ,,ПРОТИВ,,.

Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи, граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот ,,ЗА,, или ,,ПРОТИВ,, од алтернативата за која гласа.

Член 99

По завршувањето на гласањето Одборот го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место и за тоа составува записник.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Веднаш по составување на записникот, Одборот доставува извештај до Комисијата за спроведување на референдумот.

Член 100

Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на примениот гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува резултатот од референдумот, во рок од 5 часа по завршувањето на гласањето.

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број на избирачи.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведениот референдум до Советот на општината.

Член 101

Прашањето, односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на 6 (шест) месеци од денот на одржувањето на референдумот.

г) Претставки и предлози

Член 102

За работата на органите на општината и општинската администрација, граѓаните имаат право, поединечно или групно, да доставуваат претставки и предлози.

Член 103

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник, поединечно или групно, до Градоначалникот.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

Член 104

Подносителот на претставка или предлог не смее да трпи штетни последици поради

поднесување на претставка, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

Член 105

Постапувањето по претставките и предлозите опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на претставката, како и преземање на потребни мерки за отстранување на повредата на правото на подносителот или повреда на јавните интереси.

Член 106

Градоначалникот на општината е должен најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави образложен одговор.

Ако претставката или предлогот не се однесуваат на работата од надлежност на органите на општината, Градоначалникот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

## VII. ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ, ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИ И ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

### а) Јавни трибини, анкети и предлози на граѓани

Член 107

Органите на општината, при донесувањето на прописи од својата надлежност претходно можат да организираат јавна трибина, да спроведат анкети или да побараат предлози од граѓаните.

Јавна трибина се организира кога се донесуваат прописи за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби ( водоснабдување, одржување на јавна чистота, одржување на локални патишта и улици) и други прашања од пошироко локално значење.

Анкета се спроведува за донесување на урбанистички планови и други прашања од локално значење.

Прибирање предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење ќе се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикаат граѓаните да даваат свои предлози.

Постапката, начинот и времето на преземање на една од наведените активности од ставот 1 на овој член, ќе се уреди со Одлука донесена од органот кој ја организирал.

### б) Форуми на заедниците

Член 108

Градоначалникот и Советот на Општина Делчево по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во став 1 на овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да поддржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до Градоначалникот на општина Делчево, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на општина Делчево одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со

Правилник што го донесува Советот на општина Делчево по предлог на Градоначалникот на општината.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

### а) Информирање на граѓаните

Член 109

Органите на општината, комисиите на Советот на општината и јавните претпријатија и установи основани од општината, ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните во општината се информираат за:

- Прописите кои ги донесува Советот на општината
- Начинот и условите за остварување на нивните права
- Обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежноста на општината
- Плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на општината
- Услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање
- Приходите кои се остваруваат во општината и начинот на нивната распределба и трошење
- Јавните набавки
- Именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училишта
- Други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

Член 110

Информирањето на граѓаните на општината се врши редовно, без надоместок преку:

- Издавање Службен Гласник на општината
- Издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени
- Објавување на публикации
- Информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината
- Огласни табли ( во просториите на органите на општината, месната самоуправа, јавните претпријатија и установи)
- Интернет страница
- Јавни трибини
- Средства за јавно информирање и
- Друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

### б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер

Член 111

Во општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на општината ( Советот и Градоначалникот), јавните претпријатија и

установи основани од општината и правни и физички лица со доверени јавни овластувања од општината.

По исклучок во случаи предвидени со Закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

Член 112

Градоначалникот на општината назначува државен службеник од редот на општинската администрација кој ќе ги извршува работите на посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Член 113

За информациите со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информации, граѓаните на општината се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин. Имателите на информации се должни редовно, а најдоцна во рок од 3 месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со која располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на општината ја предлага Градоначалникот, а ја донесува Советот на општината.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

Член 114

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува согласност со закон.

Градоначалникот на општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на општината и општинската администрација.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основани од општината создава услови и превзема мерки пропишани со закон за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат, согласно Статутот на претпријатието и установата.

Член 115

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица ( во натамошниот текст: барател на информацијата)

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- Со увид во документите со кои располага имателот на информацијата
- Со добивање на препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при оставрување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

Член 116

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните

трошоци, утврдени со начин утврден со закон.
Барателот на информацијата при поднесување на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

Член 117

Имателот на информацијата ако не ја достави бараната информација, барателот има право на Жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Член 118

Советот на општината усвојува Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во општината.

Годишниот извештај за остварување на слободен пристап до информации го подготвува Градоначалникот на општината и го доставува до Советот најдоцна до 31 јануари во тековната година.
Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира општината.
Извештајот од став 1 по усвојувањето се доставува до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## IX. СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 119

Сопственоста на општината ја сочинуваат неподвижни и подвижни ствари, парични средства и права.

Сопственоста општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат на финансирање од граѓаните или со нивно учество на друг начин, од подароци, донации и по други основи.
Постапката за продажба и давање на користење ствари сопственост на општината поблиску се уредува со Правилник за продажба и давање на користење ствари сопственост на општината .

Член 120

За купување, продажба и давање на користење на сопственоста на општината одлучува Советот на општината, на предлог на Градоначалникот на општината.

За купување, продажба и давање на користење на сопственоста на јавните служби осовани од општината, о одлучува Советот на општината на предлог на органот на управување на јавната служба.

Продажбата на сопственоста на општината и на јавните служби се врши само по пат на јавно наддавање, согласно Закон.

Продажната цена на стварите не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Средствата добиени од продажбата на стварите може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојните ствари во сопственост на општината и на јавните служби основани од општината.

Член 121

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината проценка се искажува во годишната сметка.

Член 122

Стварите во сопственост на општината и во сопственост на јавните служби можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно наддавање,во согласност со закон.

Член 123

Општината се финансира од сопствени извори на приходи, локални даноци, надоместоци и такси утврдени со закон, дотации од државата и други извори на приходи утврдени со закон.

Општината во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.

Член 124

Приходите и расходите на општината се утврдуваат со Буџетот на општината.

Буџетот на општината содржи биланс на приходите и расходите на Буџетот, а се однесува за фискална година од 12 (дванаесет) месеци која почнува од 1-ви јануари, а завршува на 31-ви декември од секоја календарска година.

Член 125

Предлогот на Буџетот на општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на општината за донесување не подоцна од крајот на месец ноември.

Советот на општината не може да го разгледува предлогот на Буџетот на општината пред истекот на 20 (дваесет) дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на општината.

Член 126

За секоја промена на Буџетот на општината, за дополнително усвоени расходи проследено со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи или ќе ги намалат другите расходи во сразмерен износ, одлука донесува Советот на општината.

Член 127

За покривање на непредвидените барања за расходи кои ќе се појават во текот на буџетската година, од вкупните тековни и капитални расходи се издвојува Буџетска резерва во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од Буџетската резерва одлучува Советот на општината по предлог на Градоначалникот на општината.

Советот на општината со одлука може да го овласти Градоначалникот за начинот на користење на Буџетската резерва.

Член 128

Доколку Буџетот на општината за наредната година не биде донесен до 31-ви декември во тековната година, ќе се постапи согласно со Законот за буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за 6 (шест) месеци.

Член 129

На крајот на секоја фискална година се изготвува годишна сметка на Буџетот на општината.

Годишната сметка на Буџетот, Советот на општината треба да ја усвои најдоцна до 31-ви март во тековната година, за претходната година.

Член 130

Извршувањето на Буџетот на општината го врши Градоначалникот, а поконкретно се уредува со Одлуката за извршување на буџетот на општината.

## X. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА

Член 131

Граѓаните во општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

Член 132

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат во градот-урбани заедници и во другите населени места-месни заедници.

Член 133

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаната единица согласно урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаатмесните заедници се границите на катастарските општината на населените места.

Член 134

Постојани облици на месна самоуправа на подрачјето на општина Делчево се:

**-Урбани заедници**

Први реон, Втори реон, Трети реон, Стар Расадник, Ново Делчево, Милково Брдо, Басарица и Ѕвегорска Река.

**-Месни заедници**

с.Ѕвегор, с.Селник, с.Тработивиште, с.Разловци, с.Вирче, с.Драмче, с.Стамер, с.Бигла, с.Чифлик, с.Турија, с.Полето, с.Нов Истевник, с. Стар Истевник, с.Габрово, с.Град, с.Косово Дабје, с. Илиово, с. Ветрен и с. Очипала.

Член 135

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

Член 136

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијативата за основање се доставува до Советот на општината кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа.

Член 137

Кога Советот на општината ќе оцени дека се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа, донесува Одлуката за основање на урбана односно месна заедница.

Член 138

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

- Решавање на прашања од комуналната инфраструктура за соодветното подрачје;
- Изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- Заштита на животната средина и природата;
- Уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- Покренување иницијатива за уредување на просторот;
- Организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и
- Други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месна самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

Член 139

Работите на месната самоуправа се финансираат од:

- средства кои што општината им ги отстапила на облиците на месна самоуправа согласно плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги;
- подароци и други средства.

Член 140

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на Собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Член 141

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Градоначалникот на општината во рок од 15 дена.

Член 142

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на Собир на граѓани.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

Член 143

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот поблиску се уредува со

Правилник за работата на обликот на месна самоуправа.

Член 144

За избрани членови на Советот се сметаат кандидати кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

Член 145

Советот од своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Член 146

Градоначалникот на општината, со Решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите од ставот 1 на овој член се утврдуваат во Решението за делегирање на надлежноста.

Со Решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

Член 147

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено-финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

## XI. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

Член 148

Грбот и знамето на општината се утврдуваат со Одлука на Советот на општината.

За утврдување на грбот и знамето на општината, Советот на општината распишува конкурс и формира Комисија.

Член 149

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на општината и го доставува до Советот на општината на усвојување.

Член 150

Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлогот на Комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на општината е составен дел на Статутот на општината.

Член 151

Грбот на општината се употребува во состав на печатот на општината.

Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти

што ги користат Советот и Градоначалникот на општината.

Советот на општината може да одобри употреба на грбот на општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на општината.

Член 152

Знамето на општината се истакнува на зградата на општината и на видни места во општината.

Знамето на општината се истакнува на државни и општински празниц, на меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана општината.

Член 153

Грбот и знамето на општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## XII. ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА

Член 154

Иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на Министерствата и други органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите, може да поднесат Советот, односно Градоначалникот на општината до Уставниот Суд на Република Северна Македонија.

Член 155

Градоначалникот на општината има право да бара судска заштита пред надлежните судови кога на општината и се попречува вршење на дадените надлежности со Устав и закон, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Република Северна Македонија.

## XIII. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

Член 156

Во воена состојба органите на општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон,
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерки за заштита и спасување за свои потреби,
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и прописи засновани на закон,
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено- стручни и други знаења за учество во одбраната,
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во координација и соработка со другите општини.

## XIV. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВ СТАТУТ, ИЗМЕНИ И

## ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 157

Донесување на нов Статут, измени и дополнувања на постоечки Статут на општината можат да предложат најмалку ½ од членовите на Советот на општината, Градоначалникот на општината или најмалку 10% од избирачите во општината.

Член 158

Одлука за пристапување кон донесување на Статут и Одлука за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на општината донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Член 159

Нов Статут на општината се донесува во две фази:

- Нацрт-Статут на општината
- Предлог-Статут на општината

Нацрт-Статутот на општината го подготвува Комисија за изработка на Статут на општината формирана со Решение од Градоначалникот на општината и го доставува до Комисијата за статут и прописи при Советот на Општината за разгледување.

Комисијата за статут и прописи при Советот на општината го доставува Предлог-Статутот на општината за усвојување пред Советот на општината.

Член 160

Новиот Статут на општината е донесен ако за него гласале мнозинство од вкупниот број членови на Советот на општината.

Измените и дополнувањата на Статутот на општината се донесени ако за нив гласале мнозинство од вкупниот број членови на Советот на општината.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 161

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на општина Делчево бр. 07-745/1 од 12.05.2006 година објавен во (,,Службен Гласник на општина Делчево,, бр. 12/2006).

Член 162

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Сл.Гласник на Општина Делчево,,.

Бр. 09 -2446/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
15. .07.2026 година — Претседател
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

**2.** Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.241/24) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општината Делчево(„Сужбен гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/2026 ), Советот на Општина Делчево на својата 13-та седница, одржана на ден 15.07.2026 година, донесе:

О Д Л У К А
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу Општина Делчево и Општина Штип заради заедничко вршење на работите од надлежност на општините кои се однесуваат на вршење на работи во областа на инспекцискиот надзор, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, општински инспектор за патишта и општински инспектор за домување за потребите на Општина Делчево.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку обликот на меѓуопштинска соработка утврден во член 9 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка, односно со склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Штип за потребите на Општина Делчево.

Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип ќе се склучи согласно одредбите од член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Финансиските импликации кои ќе произлезат од реализирањето на меѓуопштинската соработка ќе се утврдат во Договорот за вршење на работите, а ќе се обезбедат од Општина Делчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Бр. 09 - 2447/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
15.07.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**3.** Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 7, точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/20, 169/20 и 265/24 ), член 15 став 1 точка 5 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево

(„Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/26), Советот на Општина Делчево на 13 Седница, одржана на 15.07.2026 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/2026 и 9/2026 ), во точка 5.3 Протокол за спроведување настани, по точка 9 се додаваат нова точка 10 кој гласи:

„10. Дел од настаните и културни манифестации со поголем обем предвидени во програмата можат да се организираат и реализираат преку делегирање на надлежностите од Општина Делчево на правни лица. “

**Член 2**

Точка 5.4.21 Делчевско лето (Прв и Втор дел), се менува и гласи:

„ Делчевско културно лето 2026 година како културна манифестација со поголем обем ќе се организира и реализира преку делегирање на надлежностите од Општина Делчево на правно лице согласно со Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице.

Носител: Општина Делчево

Организатор: По одлука на делегирана надлежност

Датум: 1 до 10 август 2026 година.“

**Член 3**

Во Табелата VI Акциски план за Програмата за 2026, точка 20 се менува и гласи:

| Активности | Цел | Индикатори | Одговорни лица | Буџет | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| **20.**Делчевско лето | Во текот на летниот период и во соработка со др.институции, бизнис-заедницата, граѓански сектор, со цел побогата културна програма во текот на летото, | Бр на учесници м/ж, бр на настани, објави во медиуми | Општина Делчево, правно лице на кое е делигиран а надлежнос та | 1.000.000,оо | август 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Општина Делчево преку делегирање на надлежност на правно лице ќе организира низа настани: целовечерни концерти, промоции и сл | | | | |

Член 4

Оваа Програма за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 - 2448/1
15.07.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски,с.р.

**4.** Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), а во врска со член 7 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/20, 169/20 и 265/24), член 15 став 1 точка 5 и 76 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/26), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 15.07.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице**

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Делчево врши делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ предвидена во Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Делчево ќе објави јавен повик и ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 4**

Врз основа на оваа Одлука, Советот на Општина Делчево ќе донесе Правилик за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста на Општина Делчево од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен и финансиски извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Делчево.

Доколку вршителот на делегираната надлежност не поднесе извештај за тековната година или истиот не е усвоен од Советот на Општина Делчево договорот ќе биде раскинат.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Комисија за организирање на настани и културни манифестации во Општина Делчево.

**Член 6**

Надлежноста од член 2 од оваа Одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година, како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 2449/1
15.07.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски,с.р.

**5.**Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24),а во врска со член 7 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/20, 169/20 и 265/24), член 15 став 1 точка 5 и 76 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/26), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 15.07.2026 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК

за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста на Општина Делчево од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Делчево од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице.

Член 2

Делегирањето на надлежностите на правно лице за вршење на одредени работи од областа на културата се однесува на организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година, а се врши преку објавување јавен повик.

Член 3

Кон пријавата доставена по јавниот повик заинтересираниот правен субјект е должно да приложи:

1. Тековна состојба издадена од Централен регистар;
2. Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирање на активностите од делегираната надлежност;
3. Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на делегираните надлежности-Програма за начинот и постапката за реализација на културната манифестација;
4. Финансиска структура на активностите;
5. Име, презиме на лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;
6. Име, презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности.

Член 4

Градоначалникот распишува јавен повик и формира трочлена комисија која ги разгледува пријавите по јавниот повик што ги исполнуваат условите, согласно Законот за локална самоуправа и овој Правилник.

Член 5

Пријавите од член 3 на овој Правилник, се разгледуваат во присуство на сите членови на Комисијата.

По разгледување на Пријавите,  Комисијата од член 4 на овој Правилник изготвува Мислење со Предлог за избор на вршител на делигираната надлежност и се доставува до Градоначалникот.

Мислењето што го изготвува Комисијата се потпишува од сите членови на Комисијата.

Член 6

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот повик за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на културата утврдена со закон, врши бодирање и тоа:

- соодветност на предлогот со условите од јавниот повик до 20 бода;
- капацитет на предлагачот, искуство во реализација на проекти од областа на културата , соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирање на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на културата, поставеност на систем на контрола на квалитетот и работењето до 40 бода; и
- план и програма за организирање и реализирање на манифестацијата до 40 бода.

Член 7

По доставеното Мислење од страна на Комисијата, Градоначалникот на Општината ќе донесе Одлука за избор на вршител на делегираната надлежност од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година.

Врз основа на Одлука за избор на вршител на делегираната надлежност, Градоначалникот ќе склучи договор со правното лице- вршител на делигираната надлежност

Член 8

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува помеѓу Општина Делчево и правното лице вршител на делигираната надлежност, согласно Одлуката за делегирање на дел од надлежности од областа на културата содржи:

1. Краток опис на делегираните надлежности;
2. Времетраење и датум на влегување во сила на договорот;
3. Обврски на договорните страни;
4. Следење на реализацијата на делегираните надлежности и начин на доставување на извештаи;
5. Одговорноста при направена штета и осигурување;
6. Висината на средствата од Буџетот на Општина Делчево и начинот на исплатата на истите на правното лице за реализирање на делегираната надлежност;
7. Ревизија и мониторинг;
8. Раскинување на договорот и
9. Завршни одредби.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 - 2450/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
15.07.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**6.** Врз основа на член 28 став 3 Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 18/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 88/2009, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 229/20, 269/23 и 78/25), и Барање за согласнсот за формирање на паралелки со помал број на ученици, 03-488/1 од 06.07.2026 и наш број 09-2374/1 од 06.07.2026, Советот на Општина Делчево, на својата 13.седница, одржана на 15.07.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево**
**за формирање на паралелки со помал број на ученици**

Член 1

Заради намален број на ученици запишани во СОУ „Методи Митевски- Брицо“ Делчево, во учебната 2026-2027, од Советот на Општина Делчево се бара согласност за формирање на парелелки со помал број на ученици од законски утврдениот број согласно член 28 став 2 од Законот за средно образование и тоа:

| Образование/образовен профил | Година | паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| **Гимназиско образование**- | I | I-1,2, 3 | 70 |
| **Стручно образование/Сектор Хемија и технологија/**прехранбен техничар (дуална паралелка) | I | I-4 | 10 |
| **Вкупно** | | **4** | **80** |
| **Гимназиско образование** | II | II-1 | 21 |
| **Гимназиско образование** | II | II-2 | 24 |
| **Гимназиско образование** | II | II-3 | 24 |
| **Стручно образование/Сектор Текстил, кожа и слични производи-**техничар за изработка на облека (дуална паралелка) | II | II-4 | 11 |
| **Стручно образование/Сектор Хемија и технологија/**прехранбен техничар (дуална паралелка) | II | II-5 | 12 |
| **Вкупно** | | **5** | **92** |
| **Гимназиско образование/Природно математичко подрачје** комбинација А | III | III-1 | 17 |
| **Гимназиско/** Општествено хуманистичко подрачје комбинација А | III | III-2 | 18 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Гимназиско/** Природно-математичко подрачје комбинација А | III | III-3 | 14 |
| **Стручно образование/Сектор Текстил, кожа и слични производи-**техничар за изработка на облека (дуална паралелка) | III | III-4 | 2 |
| **Стручно образование/Сектор Хемија и технологија/**прехранбен техничар (дуална паралелка) | III | III-5 | 11 |
| Вкупно | | 5 | 62 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација А | IV | IV-1 | 16 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација Б/ | IV | IV-2 | 14 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација Б/ Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А/**комбинирана паралелка** | IV | IV-3 | 14 |
| **Гимназиско образование/** Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | IV | IV-4 | 12 |
| **Стручно образование/ Текстил, кожа и слични производи-**техничар за изработка на облека (дуална паралелка) | IV | IV-5 | 10 |
| **Стручно образование/Сектор Хемија и технологија/**прехранбен техничар (дуална паралелка) | IV | IV-6 | 17 |
| Вкупно | | 20 | 317 |

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2451/1
15.07.2026 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

**7.** Врз основа на, член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и Барање Ваш бр.0302-495/1 од 03.07.2026 година, наш бр.09-сл/ од 03.07.2026, а согласно член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/2026), и член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96........ 64/18), Советот на Општина Делчево, на својата 13.редовна седница, одржана на 15.07.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За недавање согласнот на Одлуката за изменување**
**на Одлуката за утврдување на цени на услуги**
**кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчево**
**бр.0202-461/3 19.06.2026**

Член 1

Советот на Општина Делчево **не дава** согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на услуги кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчевобр.0202-461/3 од 19.06.2026, донесена од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2452/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.07.2026** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

8. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.08-2257/1 од 25.06.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 13. седница, одржана на ден **15.07.** 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства по барање**
**УП бр.08-2257/1 од 25.06.2026**

Член 1

*Се одобрува финансиски средства во износ од 10.000 денари по барање бр* .08-2257/1 од 25.06.2026.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за одржување на традиционалната манифестација „Зелкаријада 2026“ во с.Трaботивиште која ќе се одржи на 6-ти август (четврток) 2026.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **ДРУШТВО ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО“** ,на трансакциска сметка **240160118133314, Уни Банка АД Скопје.**

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 2453 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.07. 2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

9.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.08-1893/1 од 20.05.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 13. седница, одржана на ден **15.07. 2026** година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување спонзорство по барање**
**бр.08-1893/1 од 20.05.2026**

Член 1

Се одобрува спонзорство во износ од **10.000** денари по барање бр.08-1893 од 20.05.2026 на **Мартин Ангеловски од с.Град.**

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоци направени за организирање на турнир во фудбал во с. Град.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Мартин ангеловски, н**а трансакциска сметка 240167018285447, УНИ банка, АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 2454/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
15.07. 2026 година Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

10. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/26), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр. 61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, и 209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/2022, 170/2024 и 37/2025) и член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл. Весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Делчево на својата13-та седница одржана на ден 15.07.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација од Друштво за производство, промет и услуги ИНОМАК ДООЕЛ експорт-импорт Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево ја прифаќа намерата за донација на парични средства за реализација на културните манифестации во општината во износ од 3.000,оо денари од давателот на донацијата Друштво за производство, промет и услуги ИНОМАК ДООЕЛ експорт-импорт Делчево.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Делчево, како приматал на донацијата и давателот на донацијата Друштво за производство, промет и услуги ИНОМАК ДООЕЛ експорт-импорт Делчево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 -2455/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
15.07.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

11. Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 13.седница одржана на ден 15.07.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за давање на трајно користење на недвижни ствари
„Пречистителна станица“ на
Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево

Член 1

Со оваа Одлука на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево се даваат:

- Недвижна ствар „Пречистителна станица“, зграда број 2, површина од 363 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Трaботивиште;
- Недвижна ствар „Пречистителна станица“, зграда број 2, површина од 36 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Трaботивиште;
- Недвижна ствар „Пречистителна станица“, зграда број 3, површина од 36 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Трaботивиште и
- Недвижна ствар „Пречистителна станица“, зграда број 4, површина од 101 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Трaботивиште.

Член 2

Недвижните ствари опишани во член 1 на оваа Одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа Одлука, ќе се изврши помеѓу Општина Делчево и Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево во рок од 8 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 4

Се задолжува корисникот Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево, стварите опишани во член 1 од оваа Одлука да ги стави во функција, да стопанисува со нив, да ги чува и одржува во исправна состојба и да ги користи исклучиво за намената за која се дадени.

Член 5

Користењето на недвижните ствари може да престане со Одлука на Советот на Општина Делчево согласно закон, како и во случаи кога стварите се користат спротивно на намената и извршувањето на работите за кои се дадени.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 - 2456/1**
**17.05.2026 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Николчо Стојменовски,с.р.**

**12.** Врз основа на член 31 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.61/04....209/18, Службен весник на РСМ бр.37/25) член 36, став 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), Советот на Општина Делчево, на својката 13.седница, одржана на ден 15.07.2026 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за давање согласност за користење на средствата од тековната резерва од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година**

Член 1

Со оваа одлука се дозволува користење на средства од тековна резерва од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година во износ од 300.000 денари.

Член 2

Средствата од тековната резерва од член 1 во износ **300.000 денари** ќе бидат искористени за набавка на флаширана вода за жителите на Општина Делчево поради настанат дефект-пукање на главна водоводна цевка со што е предизвикано прекин на водоснабдувањето на територијата на Општина Делчево.

Согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година бр.09-3066/1 од 30.12.2025 година, за средствата над 50.000 денари утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервата Одлучува Советот а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користење.

Член 3

Средствата за оваа намена се озбезбедуваат од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година, потпрограма Д0, потставка 413110-Тековна резерва (разновидни расходи).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09-2457/1** **Совет на Општина Делчево**

**15.07.2026 година** **Претседател,**

**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**